Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 555 www.mchamber.mk 12.01.2024



## ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ ЗА НАШАТА ЗЕМЈА - ЛЕТ ВО МЕСТО



И покрај трендот на намалување, цените на храната сè уште се високи




ПОКАНА за учество на саем и Б2Б „Денови на технологија и деловна соработка 2024 година“ “Technology & Business Cooperation Days 2024”

### КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

24.01.2024, Семинар
МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

24.01.2024, Семинар
ДЕКЛАРАЦИЈА – ЛИЧНА КАРТА НА ХРАНАТА:Законски одредби во врска со задолжителни, дополнителни задолжителни и доброволни информации на храната која се става во промет во РСМ

25.01.2024, Семинар
ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (HRMS- HUMAN RESOURCES MANAGE- MENT SYSTEM)

25.01.2024, Online Бизнис средби
ПОКАНА ЗА Б2Б СРЕДБИ ЗА ВРЕМЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ САЕМ ЗА ОВОШЈЕ, ЗЕЛЕНЧУК И ВИНО – АГРО БЕЛГРАД Б2Б ЗОНА, 26.01.2024 година - ЕЕН мрежа

25.01.2024, Семинар
ЗДРАВСТВЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ДЕТСКИ ИГРАЧКИ –ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

26.01.2024, Семинар
КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ СО ЕКСЕЛ И АПЛИКАЦИИ ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

26.01.2024, Семинар
ЗДРАВСТВЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ –ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

29.01.2024, Семинар
ХИГИЕНА НА ХРАНА ЗА РАКУВАЧИ СО ХРАНА

29.01.2024, Семинар
ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОТВАРАЊЕ НОВИ БРОЕВИ ВО ДЕЛОВОДНИК, ПОВРЗУВАЊЕ НА БРОЕВИ ОД МИНАТАТА ГОДИНА СО НОВИ БРОЕВИ ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА, ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЛОВОДНИК

30.01.2024, Семинар
КАКО СЕ РЕГУЛИРААТ ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ РАБОТНИКОТ И РАБОТОДАВАЧОТ ЗА ШТЕТА СТОРЕНА НА РАБОТА, КОЈ ЈА НАДОМЕСТУВА ШТЕТАТА И ВО КОЈ ИЗНОС?

# ПОКРОВИТЕЛИ

## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION · vitaminka · T · · ·

IGM trade · АЛКАЛОИД СКОПЈЕ · МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР · NLB Banka

ПЕКАБЕСКО · КОЖУВЧАНКА · nextsense · MERMEREN Kombinat

### СТАНДАРД Покровители

OKTA · ZAN MITREV CLINIC · CROATIA OSIGURANJE

HALKBANK · СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ · Duna · Comodita HOME

### СИЛВЕР Покровители

Swisslion · COLENCO EMPOWERING

VEZESHARRI · AllianceOne





Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ПОКАНА за учество на саем и Б2Б
## „Денови на технологија и деловна соработка 2024 година“
## “Technology & Business Cooperation Days 2024”




Стопанската комора на Македонија во организација на Европската мрежа на претприемачи (ЕЕН), Ве покануваат да земете учество на денови на технологија и деловна соработка 2023 година, “Technology & Business Cooperation Days 2024.

Деновите на технологија и деловна соработка 2024 година повторно ќе се организираат како традиционален брокерски настан со лични состаноци на саемот Hannover Messe 2024 саемот, од 22– 25 април 2024 година, со (физичко присуство).

Онлајн-состаноците ќе бидат организирани две недели пред саемот од од 9 до 11 април 2024 година, со онлајн учество, во рамки на саемот.

На деновите на технологија и деловните средби, ќе присуствуваат компании од целиот свет, и учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

- Индустрија 4.0 и паметни производствени решенија
- Ресурси и енергетски ефикасни производствени технологии
- Одржлива енергија и мобилност
- Алатки за мерење на процесите

Зошто да учествувате:

Претходно договорени средби со избрани потенцијални партнери, презентација на проектни решенија, производи и вештини

- Можност за иницирање на меѓународна соработка
- Размена на искуства со компании од други земји
- Состаноци и размена на мислења со стручни лица од индустријата
- Воспоставување на технолошка и деловна соработка
- Поддршка за проширување на меѓународна компанија
- Пристап до знаење за нови технологии и решенија

# ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ ЗА НАШАТА ЗЕМЈА - ЛЕТ ВО МЕСТО



Стаса 2024 година, а вкусот на вистината кога станува збор за Годишниот извештај на Европската комисија за напредокот на нашата земја, посебно во делот на образованието, со години останува ист – умерено подготвен и горчлив. И чудно е, како со години да не сакаме да го промениме, да ставиме некоја друга состојка и да го подобриме. Растот на бруто-домашниот производ (БДП) забави и стапката на раст е 1,2% (ДСЗ: 3-то тримесечје од 2023 година), за разлика од 2,1% во 2022 година и од 3,9% во 2021 година. Инфлацијата останува постојана, иако во 2023 година почна да се намалува (во октомври 2022 година го достигна својот врв и годишната стапка изнесуваше 19,8%), како одраз на зголемување на цените на енергијата во основните сектори на економијата: индустриското производство, транспортот и угостителството. Според Извештајот на Европската комисија, стапката на раст на увозот ја надминала стапката на раст на извозот, што значи дека надворешно-трговската размена бележи негатива во придонесот кон економскиот раст. На сето ова влијае и неформалната економија, која претставува голема пречка за деловното работење на стопанските субјекти, а Европската комисија нотирала дека борбата со неформална економија е нерешителна и оди многу споро. Според проценките на ММФ, неформалната економија сочинува дури 38% од БДП, иако се проценува дека бројот на неформални вработени како дел од вкупните вработени се намалил, од 18,6% во 2019 година, на 13% во 2022 година.

Предизвиците со кои се соочуваат стопанските субјекти во деловното опкружување во земјата ја поткопуваат конкурентноста на домашните компании, инвестициите и глобалната интеграција на синџирот на вредности и затоа во Извештајот е нотирано дека Македонија е умерено подготвена да се справи со конкурентскиот притисок и пазарните сили во ЕУ. И наместо, државата да се справи предизвиците за подобрување на деловното опкружување и конкурентност на домашните компании, таа се потпира на обезбедување различни форми на државна помош за бизнисите, а ефектите од државната помош врз ефикасноста и конкуренцијата сè уште не се оценети. Врз целата состојба во економијата дополнително влијае и бавното прифаќање на иновациите и новата технологија и сложената правна и регулаторна средина, како и недостатокот на вештини и компетенции, интензивниот процес на флуктуација и на заминување на кадарот од нашата земја во европските држави, што реално придонесуваат за ниската продуктивност на деловните субјекти.



И затоа со години station наназад, Европската комисија во Извештајот за напредокот на нашата земја укажува дека долгорочната невработеност изнесува околу 80% од вкупните невработени, што во голема мера ја одразува вкоренетата неусогласеност на вештините иако трошењето за активни политики на пазарот на трудот (0,3% од БДП во 2022 година) е релативно високо во споредба со регионот, но пониско од просекот на ЕУ (0,6% од БДП). Невработеноста особено се одразува кај лицата со ниско ниво на квалификации, додека, пак, кај младите (15-24 години) невработеноста и натаму останува висока и изнесува 31,8 %.

Иако е постигнат дополнителен напредок кон подобрување на стручното образование и обука, Европската комисија нотирала дека големиот недостиг на вештини и понатаму не е во сооднос на потребите на пазарот на трудот, што подразбира долга транзиција од училиште до работа. А вкусот на вистината да биде уште погорчлив констатирано е дека државата не ги имплементирала препораките од Извештајот од 2022 година, и затоа, како и со години наназад констатацијата на Европската комисија е дека нашата земја е умерено подготвена во областа на образованието. Тоа значи дека, заедно со големите празнини во транспортната и енергетската инфраструктура и слаботo финансирање за инвестиции и иновации кои го ограничуваат потенцијалниот раст, државата е умерено подготвена да се справи со притисокот на конкуренцијата на европските пазари. А причините се исти од минатата година:

1. Ниско ниво на државна финансиска поддршка за образованието и недостиг од човечки ресурси за спроведување на реформите и намалување на неусогласеноста на вештините.

®Јавната потрошувачка за образование и за обука изнесува 3,7 % од БДП, што е под нивото на земјите во ЕУ, кој изнесува 5 %;

®Трошењето е многу неефикасно, со застарени формули за прераспределба на средствата за образование од општините, а сè уште нема донесено нова методологија за финансирање на стручното образование и обука и нова формула за финансирање на високото образование;

®Недоволно финансиските средства го попречуваат соодветното спроведување на Стратегијата за образование 2018-2025 година и системот за следење на нејзината примена, како и професионалното усовршување и развој на наставниот кадар;

®Студиските програми во високото образование не се прилагодени на потребите за вештини и компетенции и дипломираните студенти не ги поседуваат соодветните вештини за да одговараат на побарувачката на пазарот на труд, иако бројот на лица со високообразовни квалификации е зголемен;

®Процентот на возрасни кои учествуваат во учењето е 2,6% (последен податок 2020 година), што е значително под просекот на ЕУ-27 од 10,8% (2021);

®Иновациската дејност и понатаму е ниска, со 0,4% од БДП. Учеството на приватниот сектор во севкупните трошоци за истражување останува слаб, со 0,1% од БДП. Според мерилата на ЕУ за иновации, и покрај сите напори што ги прават поединци, земјата ја сметаа за скромен иноватор.

2. Одолжување на процесот на усвојување на законите од областа на образованието. Политичката нестабилност го попречува донесувањето на законите од областа на образованието.

®Неусвоениот Закон за стручно образование и обука, кој е суштински за реформата на стручното образование, ја отежнува системската примена на дуалниот модел на образование и на учењето преку работа, на операционализацијата на регионалните центри за стручно образование и обука и влијае на воспоставената шема за соработка помеѓу стопанските субјекти, средните стручни училишта, стопанските комори и министерството за образование и наука за поддршка на учењето преку работа на учениците. Доколку се продолжи со пилот реформи во стручното образование, тие можат да ја изгубат својата смисла.

®Неусвоениот Закон за образование на возрасните ја оневозможува примената на поедноставни процедури за верификација на институцијата и на програмите за обука за преквалификација и за доквалификација, како и на процесот на вреднување на предходното знаење и стекнатите вештини, што е од голема важност за бизнис-заедницата во процесот на обезбедување кадар за своите потреби.

®Неусвоениот Закон за признавање на професионалните квалификации кој треба да биде усогласен со директивите на европското законодавство (Директивата на ЕУ 2005/36/ЕС), неизработката на транспарентен список на сите регулирани професии и на електронски регистар за истите го отежнува взаемното признавање на професионалните квалификации.

3. Отвореност на пристапот до квалитетно образование за сите со зголемување на уписот во предучилишна возраст.

Можеби е време да се опаметиме доколку сакаме силна и економски развиена држава, а единствен услов за тоа е квалитетно и функционално образование кое ќе продуцира стручни кадри кои ќе имаат лесна транзиција на пазарот на трудот. Затоа неопходно е да се најдат начини за излез од образовната криза во која со години живурками и државата и образовните инстутиции да покажат вистински напредок во делот на образованието, како што со години тоа со своите активности го прави Стопанската комора во делот на стручното образование,.



# И ПОКРАЈ ТРЕНДОТ НА НАМАЛУВАЊЕ, ЦЕНИТЕ НА ХРАНАТА СÈУШТЕСЕ ВИСОКИ

Цените на храната сè уште се високи, пред сè во земјите на Европа и на Централна Азија, кои беа особено погодени од нарушувањето што го предизвика војната во Украина. Колку што се објективни причините, сè повеќе се размислува за вештачко одржување на инфлацијата на храна за да се осигури профитот на индустриите на нереално високо ниво, од што најпогодени се ранливите категории на домаќинства со ниски приходи. Наспроти првите месеци од почетокот на војната во Украина, ситуацијата сега е нешто подобра, а цените на прехранбените производи во 2023 година бележат постојано намалување, иако уште се далеку над нивото пред пандемијата. Подобрување има и во делот на снабдувањето со храна како резултат на рекордно високото производство на пченица, пченка, маслодајни семиња и на ориз во земјите кои станаа доминатни на производствената мапа, како што се Аргентина, Бразил, Канада, Кина, ЕУ, САД и Индија.

Цените на глобално ниво за одредени прехранбени производи, како на пример житарките и маслото за јадење, паднаа минатата година од рекордните нивоа во 2022 година, при што руската војна против Украина, сушата и другите фактори придонесоа за ширење на гладот низ светот. Наспроти нив, цените на шеќерот и на оризот во тоа време се зголемија.

Последните случувања што го погодија регионот на Европа и на Централна Азија во претходните години нанесоа сериозни штети и негативни последици врз производството, дистрибуцијата и врз достапноста на храна. Овие состојби предизвикаа нестабилност во земјоделското производство и зголемување на цените на трошоците, суровините, енергијата и на храната, што резултираше со зголемување на трошоците за живот. ЕУ и Европската комисија за земјоделство апелираат да се прекине со инструментализирањето на храната во воени цели и да се осигури непречен извоз на жито и на други земјоделски производи од Украина во земјите на кои им се најпотребни.

Русија и Украина играат значајна улога во глобалното производство и во снабдувањето со храна. Двете земји се водечки снабдувачи на сончогледово масло со учество од над 50 % на светскиот пазар. Глобалното снабдување со ѓубриво, исто така, е високо концентрирано, со тоа што Русија е водечки светски производител и извозник. Војната во Украина предизвика раст на цените на енергијата и на храната, што остави далекусежни последици, кои се анализираат континуирано. Климатските ефекти како што се сушите, поплавите и природниот феномен елнињо , кој носи дожд и поплави, во комбинација со последиците од воените конфликти како што се војната во Украина, ембаргото за храна и слабеењето на вредноста на парите особено им наштетија на земјите во развој.

Општата констатација е дека инфлацијата е со надолен тренд, но цените на храната сè уште се високи. Земјите кои до неодамна беа целосно зависни од увоз на храна од Русија и од Украина неопходно е да бараат алтернативни снабдувачи и истовремено да размислуваат за реорганизирање на сопственото производство и за негова диверзификација, со што постепено ќе прават супституција на увозот и ќе го развиваат своето домашно производство.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**


м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
24.01.2024

# МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?

Во услови кога голем број компании се соочуваат со недостиг од квалификувани и мотивирани вработени, евидентна е потребата од нови начини за мотивација и задржување на постоечките и новите членови во тимот. Перцепцијата на компаниите е дека новите вработени доаѓаат со работни навики и барања од менаџментот кои се “нелогични” и неоправдани, дека ги мотивира само платата и условите на работното место, дека лесно заминуваат за подобри услови. Од друга страна пак, лицата кои бараат вработување, особено младите, имаат перцепција дека во компаниите сеуште се применуваат застарени принципи на организација и раководење, дека недостига грижа за вработените, особено при воведот на работното место и вклопувањето во работната средина.

Новите генерации вработени, особено најновата тн. Gen.Z, (родени во периодот 1997-2012), имаат поинакви очекувања и потреби од работното место од оние на претходните генерации. Оваа нова Gen Z е порасната во ерата на интернетот и социјалните медиуми, со брз пристап до информации и очекувања за исто така брза примена на новите технологии на работното место. За многу компании со воспоставени системи на управување се очекува авторитетот да дојде од позицијата, а не од компетенциите на личноста на таа позиција, што креира средина во која новите, млади лица не се пронаоѓаат или не остануваат долго.

За таа цел Стопанската комора на Северна Македонија на 24 јануари 2024 година организира семинар на тема: „МОТИВАЦИЈА И ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ – КАКО СО Gen Z?”. На интерактивниот семинар ќе бидат споделени увидите од неколку интернационални студии и истражувања на оваа тема, како и искуствата на консултантите од работата со компаниите во Македонија и регионот. Низ интерактивните сесии ќе истражиме како овие концепти може да се применат во вашата компанија.

Контакт лица:

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk



Семинар
24.01.2024

# ДЕКЛАРАЦИЈА – ЛИЧНА КАРТА НА ХРАНАТА:Законски одредби во врска со задолжителни, дополнителни задолжителни и доброволни информации на храната која се става во промет во РСМ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 24 Јануари 2024 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „ДЕКЛАРАЦИЈА - ЛИЧНА КАРТА НА ХРАНАТА:Законски одредби во врска со задолжителни, дополнителни задолжителни и доброволни информации на храната која се става во промет во РСМ.

На оваа онлајн работилница ќе се дискутира за законските одредби за означување на храната односно како треба да изгледа и што се треба да содржи една декларација на храна, со која се претставуваат информациите за храната на потрошувачот. Детално ќе бидат објаснети и образложени сите задолжителни информации кои мора да ги содржи секоја декларација со која се означува храната, но и дополнителните како и доброволните информации на храната и рекламирање, презентирање и претставување на храната на пазарот согласно Закон за безбедност на храна, се со цел обезбедување на висока заштита на потрошувачите, земајќи ги предвид разликите во перцепцијата на потрошувачите и нивните потреби да бидат информирани, а во исто време обезбедувајки непречено функционирање на внатрешниот пазар.

Предавач:

ТАЊА РИСТЕВСКА- дипл.земјоделски инжинер, стручен соработник при контрола на додатоци на исхрана и нивно презентирање, претставување и рекламирање за комерцијални цели.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

Семинар
25.01.2024

# ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (HRMS-HUMAN RESOURCES MANAGEMENT SYSTEM)

Стопанската комора на Северна Македонија, на 25 јануари 2024 година, организира еднодневен„он-лајн" семинар на тема: ВОСПОСТАВУВАЊЕ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ (HRMS-HUMAN RESOURCES MANAGEMENT SYSTEM).

Целта на семинарот:

Целта на семинарот е пред се` да се развие свеста дека човечките ресурси, т.е. човекот не е најважен ресурс само на харитја или само за да се напише тоа на сајт, туку е во суштина најважен ресурс на секој процес во која било компанија. Затоа, на човечките ресурси не можеме да им пристапиме само како на позиција за кадровска евиденција, туку мораме исите стратешки да ги планираме, да ги обезбедиме, да управуваме со нивната работа, да ги развиеме итн.

Другата цел на семинарот е да се понудат насоки, упатства и добра пракса како во Вашата организација, која е засебно специфична, да воспоставите систем на управување со човечките ресурси (HRMS), и тоа адекватен за вашата бранша, организациска структура, специфични процеси и постојната корпоративна клима.

Предавач:

- Слободан Аќимовиќ, директор и водечки консултант во компанијата „TQM Konsalting" од Нови Сад. Дваесетгодишно искуство на позиции директор во различни области („Mitros Music" - Белград (увоз, дистрибуција и продажба на музички инструменти и опрема), „ABC Proizvod" - Ужице (производство на котли за централно греење), „Mobes Quality" - Нови Сад (консултантска куќа); Lead auditor за ISO 9001, ISO 27001, проект-менаџер по PMI-методологија итн. Како директор на компанијата „TQM Konsalting" од Нови Сад, од 2010 година раководи со тим на консултанти за имплементација на системи на менаџмент во организации во Србија, Црна Гора и БиХ.

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова | м-р Анита Митревска |
| ++ 389 2 3244074 | ++ 389 2 3244057 |
| beti@mchamber.mk | anita@mchamber.mk |



Online Бизнис средби
25.01.2024

# ПОКАНА ЗА Б2Б СРЕДБИ ЗА ВРЕМЕ НА МЕЃУНАРОДНИОТ САЕМ ЗА ОВОШЈЕ, ЗЕЛЕНЧУК И ВИНО – АГРО БЕЛГРАД Б2Б ЗОНА

Стопанските комори на Србија и Македонија, Ве поканувaат на петтиот меѓународен саем за овошје, зеленчук и лозарство Агро Белград, кој е водечки настан во оваа индустрија со цел да ги поврзе производителите и купувачите од регионот, а истиот ќе се одржи од 25 до 27 јануари 2024 година, во хала 1 на Белградскиот саем.

Саемот се одржува со поддршка на Стопанската комора на Србија, проектот „Голема мала економија" финансиран од УСАИД и имплементиран од ACDI/VOCA, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република на Србија, Град Белград-Секретаријат за земјоделство.

Повеќе од 500 изложувачи од Србија, балканскиот регион и светот, беа собрани на минатогодишниот Агро Белград меѓу кои беа производители на свежо, замрзнато и преработено овошје и зеленчук, земјоделски машини, системи за заштита од град, системи за наводнување и друга опрема.

Оваа 2024 година, бизнис сегментот ќе биде дополнет со Б2Б состаноци кои ќе се одржат, во рамките на Европската мрежа за претприемништво, на 26 јануари 2024 година, во Б2Б зоната, во галеријата на хала 1 на Белградскиот саем од 10 до 17 часот.

Состаноците за Б2Б се бесплатни со однапред закажени термини преку онлајн платформата, која на пријавените учесници им дава можност да најдат партнери според нивните потреби и интереси.

Краен рок за пријавување е 25.01.2024 година, а пријавувањето се врши преку линкот: https://agro-belgrade-b2b-zone.b2match.io/

Контакт лица:

| | |
|---|---|
| Ирена Мојсовска | Влатко Стојановски |
| ++ 389 2 3244009 | ++ 389 2 3244004 |
| irena@mchamber.mk | vlatko@mchamber.mk |

**СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

**102** *години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088